РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР-БИТОЛА
БР. 04-400/3
07.08. 2026 ГОД.
Битола

НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА
NI National Theatre Bitola

Врз основа на член 76-а, 76-б точка 1 став 6, точка 2 и 3 став 4, член 77, член 77 -а точка 1 став 1, точка 2 и 5, член 77-б, член 77-в, член 77-г, член 77-д, член 77-ѓ точка 1 и 3, член 77-е точка 2,3,4 и 5, член 77-ж, член 77-з и член 77-ѕ од Законот за култура, член 3 став 1 и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 22 и член 23 од Законот за работните односи, Измена и дополнување на Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто или аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ Народен театар Битола со архивски број 01-737 од 25.12.2025 година, Измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Народен театар Битола со архивски број 01-486/2 од 30.07.2025 година, Измена и дополнување на Годишниот план за вработување на НУ НТБ со архивски број 01-527 од 15.04.2026 година, Одлука од директор за објавување на јавен оглас со архивски број 02-400 од 31.07.2026 година и Согласноста од Министерството за финансии со архивски број 19-5255/2 од 27.07.2026 година, на ден 07.08.2026 година се објавува:

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЈАВЕН ОГЛАС бр. 02/2026 (објавен на 05.08.2026 година)**

**за вработување на полно и неопределено работно време на 1 (едно) лице давател на услуги во категоријата А уметници во дејности од областа на културата**

Националната установа Народен театар-Битола објавува јавен оглас за вработување на 1 (едно) лице давател на услуги од категоријата А-уметници во дејности од областа на културата и тоа на следната позиција:

1. КУЛ 03 04 А06 001 – Актер четврта група ...................1 (еден) извршител

**Се врши дополнување во посебни работни компетенции**

- **Потребно е искуство од 1 (една) година работно искуство.**

Јавниот оглас трае 15 дена од денот на објавувањето на исправката во 3 дневни весници.

**Напомена:** Со пријавените кандидати кои ќе ја поминат административната селекција (проверка на документи) ќе се спроведе аудиција, за која кандидатите дополнително ќе бидат контактирани.

Кандидатите кои внеле лажни податоци во пријавата се дисквалификуваат од натамошната постапка.

Ненавремените и некомплетни документи нема да се разгледуваат.

Пријавата со потребните документи кандидатите можат да ја доставаат директно во архивата на Театарот секој работен ден од понеделник до петок од 08.00 до 16.00 часот, заклучно со последниот ден до 16.00 часот или по пошта во затворен плик со назнака **„За јавен оглас“ на адреса НУ Народен театар-Битола, ул.Широк Сокак број 60, 7000 Битола.**

07.08.2026 година

Васко Мавровски
Директор
НУ Народен театар-Битола

Ул. „Широк Сокак“ бр. 60, П.Фах: 187, 7000 Битола, Република С. Македонија, Тел/факс: +389 47 55 22 44
Str. "Sirok Sokak" no. 60., P. O. Box 187, 7000 Bitola, Republic of N. Macedonia, Tel/Fax: +389 47 55 22 44

E-Mail: teatarbt@hotmail.coml www.narodenteatarbitola.com